**20250741570**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Се прогласува Законот за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2025 година.

Бр. 08-2015/1
1 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Член 1

Во Законот за субвенциониран студентски оброк („Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20, 150/21, 251/22, 91/23 и 30/24), во член 2 точката 2) се менува и гласи:

„ „корисници на субвенциониран студентски оброк" се редовни студенти запишани на прв циклус, односно втор циклуси на студии, како и на интегрирани студии на државните и приватните универзитети во Републиката, државјани на Република Северна Македонија;".

Член 2

Во член 9 ставот (1) се менува и гласи:

„Корисници на субвенциониран студентски оброк се редовни студенти запишани на прв циклус, односно втор циклуси на студии, како и на интегрирани студии на државните и приватните универзитети во Републиката, државјани на Република Северна Македонија и кои немаат месечен приход по кој било основ поголем од минималната нето-плата во Републиката за тековната година.".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

__________